РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -

Бр. 1204-200
29.05.2018 год.

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Свети Николе** , на ден 28.05.2018 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички план за село Ерџелија, КО Ерџелија , Општина Свети Николе за плански период (2018-2028) год. кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на Република Македонија број 199/14) и Изменување и дополнување на Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М број 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.svetinikole.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за село Ерџелија Детален, КО Ерџелија , Општина Свети Николе за плански период (2018-2028) год. нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Согласно насоките од претпоставените во Општина Свети Николе и согласно Урбанистички план за село Ерџелија , КО Ерџелија , Општина Свети Николе за плански период (2018-2028) год. бидејќи во опфатот нема заштитено подрачје .
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.
с.р
Место Свети Николе

Име и презиме

Градоначалник,
м-р. Сашо Велковски